АФПЗРР АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## за период **2023-2025** година

Стратешкото планирање е ефикасен и современ начин на управување што ќе помогне да се дефинираат стратегиите за остварување на приоритетите и целите и да се подобри ефикасноста и ефективноста во спроведување на политиките, евалуацијата и транспарентноста. Денес стратешкото планирање прерасна во алатка која овозможува институцијата да ја оцени сопствената позиција, квалитетот на работа и да ги идентификува предизвиците и сопствените потенцијали.

Стратешкиот план на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој претставува основен план за развој во кој се содржани целите и приоритетите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, дефинирани се програмите за остварување на целите и приоритетите и утврдени се потребните средства за реализација на приоритетите преку буџетскиот процес.

Приоритетите се во насока на остварување на мисијата и визијата на Агенцијата. Со планот се дефинирани роковите за постигнување на напредокот во остварување на целите и се утврдени индикаторите за успешност. При одредување на целите и приоритетите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во вид се имаат Стратешките приоритети на Владата, Годишната програма за работа на Владата, Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), Стратешките цели на Националниот координатор за авторизација.

Стратешкиот план за оваа временска рамка се заснова на извршена анализа на претходното работење на Агенцијата и е реален.

Се надевам дека донесувањето на новиот Стратешки план ќе ги поттикне вработените да вложат максимални напори и ангажман во реализација на зацртаните и усвоени приоритети и цели на Агенцијата.

Никица Бачовски

Директор

СОДРЖИНА


1.1. ВОВЕД ..... 1
1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ..... 1
  1.2.1. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ ..... 1
  1.2.2. АНАЛИЗА НА ПРАВНА РАМКА ..... 2
  1.2.3. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ДЕЛУВАЊЕ И УСЛУГИТЕ КОИ СЕ ИЗВРШУВААТ ..... 4
  1.2.4. SWOT АНАЛИЗА ..... 5
  1.2.5. АНАЛИЗА НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ (STAKEHOLDERS) ..... 9
  1.2.6. АНАЛИЗА РИЗИЦИ ..... 11
1.3. МИСИЈА ..... 46
1.4. ВИЗИЈА ..... 46
1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА АФПЗРР ..... 46
1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА АФПЗРР ..... 49
1.7. СТРУКТУРА ..... 49
1.8. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ ..... 52
1.9. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ НА АФПЗРР ..... 52
  1.9.1. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ НА АФПЗРР ..... 52
  1.9.2. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ НА АФПЗРР ..... 52
1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2022 ..... 52
1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2021 ..... 55
1.12. ПРОГРАМИ ..... 68

## 1.1. ВОВЕД

Унапредувањето на земјоделството и руралната средина е голем предизвик кој води кон перспективен живот во сите краишта од Република Северна Македонија. Поаѓајќи од цврстата определба за развој на земјоделството и руралната средина, АФПЗРР континуирано ги реализира Програмите за финансиска поддршка на земјоделството, финансиска поддршка на руралниот развој, финансиска поддршка на рибарството и Аква културата и ИПАРД Програмата.

Со објавувањето на одлуката на ЕК за пренесувањето на правото на Република Северна Македонија за управување со средствата од ИПА на ЕУ во областа на рурален развој се потврди спремноста на нашите административни капацитети, стручност и знаење за управување со европските претпристапни фондови во областа на руралниот развој.

Во функција на интензивирање на процесите за постигнување поголема конкурентност преку достигнување на стандардите на ЕУ за квалитет, здравје, безбедност на храната, здравјето на животните и животната средина одржливо управување со природните ресурси и подобрување на условите за живот во руралните средини и руралната економија со објавувањето на јавните повици за мерките од ИПАРД Програмата 2014-2020 година, всушност во Република Северна Македонија се нуди финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој според европски терк и европски средства.

## 1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

### 1.2.1. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ

На 11 Јуни 2007 година, Собранието на Република Македонија го усвои Законот за основање Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, како самостоен орган на државна управа со својство на правно лице, со цел поуспешна

реализација на мерките на земјоделската политика и политиката на руралниот развој во Република Македонија. Со тоа се овозможи ефикасно управување со финансиските средства како од Буџетот на Република Северна Македонија, така и со средствата од претпристапната помош на Европската Унија наменети за руралниот развој. Почнувајќи од 2009 година Агенцијата ја имплементира Програмата за користење на средствата од инструментот за претпристапна помош за рурален развој на европската унија (ИПАРД Програмата) во функција на интензивирање на процесите за постигнување поголема конкурентност преку достигнување на стандардите на ЕУ за квалитет, здравје, безбедност на храната, здравјето на животните и животната средина, одржливо управување со природните ресурси и подобрување на условите за живот во руралните средини и руралната економија.

## 1.2.2. АНАЛИЗА НА ПРАВНА РАМКА

Основен правен акт е Законот за основање на АФПЗРР (Службен весник на Република Македонија 72/2007, 5/2009, 43/2014, 193/2015, 39/2016, 164/2018 и 190/2019) со кој се уредуваат основањето, надлежностите, организацијата и начинот на вршење на работата и раководењето со АФПЗРР и се утврдуваат изворите за обезбедување на средства за финансирање на работата на АФПЗРР и нивната намена, како и други прашања од значење за развојот на земјоделството и руралните средини. Целта на овој закон е да се обезбеди: спроведување на земјоделската политика и поддршка на руралниот развој во Република Северна Македонија, користење на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој во согласност со критериумите пропишани во билатералните договори меѓу Република Северна Македонија и ЕУ, спроведување на заедничката земјоделска политика на ЕУ во Република Северна Македонија, спроведување на заедничката рибарска политика на ЕУ во Република Северна Македонија, спроведување на мерките на државна помош во земјоделството и спроведување на други мерки кои ги утврдува Владата на Република Северна Македонија. Целите на овој закон се спроведуваат преку програми што согласно со закон ги донесува Владата на Република Северна Македонија.

Основен закон во областа на земјоделството и руралниот развој претставува Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на Република Македонија 72/2007, 5/2009, 43/2014, 193/2015, 39/2016, 164/2018 и 190/2019) со кој се уредуваат планирањето на

развојот на земјоделството и руралниот развој, целите на националната земјоделска политика, планирање, следење и процена на националната земјоделска политика, партнерство со социјални и економски партнери од областа на земјоделството, мерките за уредување и поддршка на земјоделски пазари, директни плаќања и рурален развој, државната помош во земјоделството и руралниот развој, формите на организирање и здружување во земјоделството и контролата на спроведување на мерките и надзорот над спроведувањето.

Целите на националната земјоделската политика на Република Северна Македонија се остваруваат преку мерки и инструменти на политиките за:

1. Уредување и поддршка на земјоделски пазари,
2. Директни плаќања и
3. Рурален развој.

Надлежен орган за спроведување на мерките и инструментите на овие политики вклучително и контролата, е Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во согласност со Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Основни правни акти во областа на имплементирање на мерките ко-финансирани од Буџетот на Европската Унија се:

- Рамковна спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Комисијата за спроведување на финансиската помош на Унијата за Република Македонија во рамки на ИПА II склучена на ден 24 јуни 2015 година со која Република Македонија се квалификува за помош според регулативата за ИПА II.
- Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ЕК за воспоставување на одредбите за управување и спроведување на финансиската помош на Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна

помош во областа земјоделство и рурален развој" (ИПАРД) ратификувана од страна на Собранието на Република Северна Македонија (Службен весник на РМ 38/16) која ги утврдува посебните одредби за управување и спроведување на помошта во областа земјоделство и рурален развој на ИПА II (ИПАРД II).

Програма за користење на средства од ЕУ инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој за 2014-2020 година - ИПАРД II (Службен весник 177/16) донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија со која се утврдуваат мерките за користење на средства од Инструментот на Европската унија за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој за 2014-2020 година - ИПАРД II.

## 1.2.3. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ДЕЛУВАЊЕ И УСЛУГИТЕ КОИ СЕ ИЗВРШУВААТ

Согласно своите законски надлежности Агенцијата функционира како централизиран орган со седиште во Скопје и е надлежна за:

- извршување на мерките за директните плаќања во земјоделството,
- интервенции на пазарот на земјоделски производи,
- имплементација на производните квоти,
- извршување на мерките за рурален развој,
- реализација на средствата од претпристапната помош на Европска унија за рурален развој,
- спроведување на мерките на државна помош во земјоделството и
- вршење на други работи утврдени со закон.

Во насока на извршување на своите законски надлежности Агенцијата врши:

- прием, евиденција и обработка на барања за финансиска поддршка,

- одобрување на исплата на средства,
- организирање на финансиските, сметководствените и функциите за
- известување кои се однесуваат на плаќањата согласно со овој закон,
- внатрешна ревизија,
- организирање, спроведување и координирање на административните и технички контроли и контролите на лице место,
- прибирање и обработка на податоци,
- водење бази на податоци и регистри,
- подготовка на извештаи и анализи,
- објавување на огласи за доставување на барања за финансиска поддршка,
- склучување на договори со барателите на финансиската поддршка,
- вршење на поврат на средства и
- други работи утврдени со закон.

## 1.2.4. SWOT АНАЛИЗА

SWOT анализата е една од техниките/алатките кои се користат во процесот на стратешкото планирање во насока институцијата да ги идентификува предностите, слабостите, можностите и заканите поврзани со нејзиното функционирање.

Анализата е спроведена на ниво на сектор со сумирање на факторите на ниво АФПЗРР со што се овозможува одредување на сите битни моменти во функционирање на АФПЗРР и застапување на интересите на сите организациони единици. Изготвувањето на анализата, придонесува кон исполнување на следните цели:

- Имплементација на функционално-организационата анализа во насока на зајакнување на капацитетите;

- Зголемување на нивото на функционалност и ефикасност на АФПЗРР;
- Идентификување на слабостите и можностите за нивно надминување;
- Зајакнување на институционалните капацитети во насока на подобрување спроведувањето на институционалната програма
- Определување на насоките на Стратешкото планирање, следење на спроведувањето, мониторинг и евалуација;
- Зајакнување и конкретизирање на институционалната соработка;
- Воспоставување на адекватен систем за континуирано надградување на вработените

Матрица од SWOT анализата:

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| Формирање на АФПЗРР како институција со интегриран и системски пристап за спроведување на политиките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.<br><br>Соодветна правна рамка (законски и подзаконски акти) со легислативно регулаторно уредување апркосимирано со ЕУ легислативата.<br><br>Воспоставен систем на квалитет ISO 9001 со документирани процедури и униформен приод.<br><br>Кадар со соодветно образование од областите на работењето | Во одредени сегменти недостаток на човечки ресурси.<br><br>Недостаток на континуирано усовршување на човечките ресурси особено за области за кои се започнува имплементација на одредена нова политика или активност.<br><br>Несоодветен капацитет во однос на канцелариски простор за сместување на постоечкиот и потенцијално потребниот административен кадар.<br><br>Недоволна техничка опременост и просторни услови за подрачните единици. |

| | |
|---|---|
| на АФПЗРР.<br><br>Добри материјални технички ресурси со обезбедени финансиски средства, информативен систем во функција и воспоставена соработка со надворешни и меѓународни субјекти и институции.<br><br>Брендирана институција.<br><br>Јасни и утврдени.<br><br>Препознатлива институција за спроведување на ПРР пред сите субјекти корисници на финансиска поддршка.<br><br>Чувство за тимска работа и разработени координативни механизми.<br><br>Акредитација за користење на средства од ЕХ во делот на руралниот развој во 4 мерки.<br><br>Техничка опременост на солидно ниво за потребите и надлежностите на АФПЗРР.<br><br>Флексибилност и адаптибилност на условите за работа кои не | Недоволен Буџет за сите планирани активности што оневозможува да се спроведува стратегијата на АФПЗРР согласно потребите.<br><br>Ограниченост на нови вработувања и унапредувања согласно потребите на АФПЗРР.<br><br>Ограничен кадровски капацитет во поедини одделенија со само еден извршител.<br><br>Слаба мотивираност на вработените во секторот за контрола на терен поради нереализирање на законската одредба од Законот за административни службеници за 10 до 30 % зголемување на плата за изложеност на ризик по животот и здравјето.<br><br>Недоволен административен и оперативен капацитет за прифаќање и операционализација на резултатите од проекти на ЕУ и други меѓународни институции.<br><br>Фрагментираност на ИТ системите.<br><br>Зависност од активности на други институции на ниво на |

| | |
|---|---|
| опкружуваат.<br><br>Воспоставени функционални механизми на координација со ЕК, DG AGRI, НАО и РТ во делот на спроведување на финансиска поддршка за Руралниот развој.<br><br>АФПЗРР дава одлична едукација на крајните корисници. | централна и локална власт.<br><br>Недоволно дисеминирано стекнато знаење.<br><br>Ограничени можности за мотивирање на кадарот.<br><br>Неможност за целосна реализација на политиката за задржување на кадарот.<br><br>Недостиг на обука и дообука. |
| **МОЖНОСТИ**<br><br>Евроинтеграциски процеси.<br><br>Соработка на АФПЗРР со платежни агенции од ЕУ и<br><br>меѓународни организации од интерес за АФПЗРР.<br><br>Користење на донаторски средства и пристапни фондови.<br><br>Континуирана едукација на вработените користејќи ги можностите на TAIEX. | **ЗАКАНИ**<br><br>Појава на особено опасни заразни болести – COVID 19.<br><br>Појава на елементарни непогоди и други кризи.<br><br>Одлив на стручен кадар.<br><br>Слаба подготвеност на крајните корисници на финансиската поддршка за имплементација на одредени законски одредби.<br><br>Евроинтеграциски процеси - закана од аспект на зголемени |

| | |
|---|---|
| Зголемување на плати и надоместоци на плати за институции кои работат на евроинтеграциски процеси.<br><br>Ротација на вработени на одреден временски период.<br><br>Користење на донации од IPA и кредити од меѓународни финансиски фондови.<br><br>Организирање на работилници и јакнење на чувството за тимска работа. | барања во поедини области кои се во надлежност на АФПЗРР поврзано со краткиот период на постигнување на целите и не секогаш доволниот капацитет во однос на човечки и материјални ресурси.<br><br>Губење на акредитација на постојните мерки и неможност за добивање нови акредитации. |

1.2.5. АНАЛИЗА НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ (STAKEHOLDERS)

Во рамките на стратешкиот план на АФПЗРР дефинирани се и заинтересираните страни, односно институциите со кои АФПЗРР најмногу соработува.

| **Заинтересирани страни** | **Интерес за АФПЗРР** | **Влијание на АФПЗРР** |
|---|---|---|
| Граѓани | Голем | Големо |
| Влада | Голем | Големо |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Голем | Големо |
| Агенција за храна и ветеринарство | Голем | Големо |

| | | |
|---|---|---|
| Биро за судски вештачења | Голем | Големо |
| Невладин сектор | Голем | Големо |
| Бизнис организации | Голем | Големо |
| Меѓународни институции | Голем | Големо |
| Регионални иницијативи | Голем | Големо |
| Локални самоуправи и град Скопје | Голем | Големо |
| Научни и образовни институции | Среден | Средно |
| Медиуми | Голем | Големо |
| Вработени | Голем | Големо |
| Биро за јавни набавки | Голем | Големо |
| Државна комисија за жалби по јавни набавки | Голем | Големо |
| Економски оператори од тендерски постапки | Голем | Големо |
| Судство на Република Северна Македонија | Голем | Големо |
| Јавен Правобранител на Република Северна Македонија | Голем | Големо |
| Агенција за администрација | Голем | Големо |
| Агенција за вработување | Голем | Големо |
| Државно правобранителство на Република Северна Македонија | Голем | Големо |

| | | |
|---|---|---|
| Државен завод за ревизија | Голем | Големо |
| Ревизорско тело | Голем | Големо |
| Царинска управа | Среден | Средно |

## 1.2.6. АНАЛИЗА РИЗИЦИ

| Реден бр. | Активност | Цел на контролите | Ризици | Веројатност | Влијание | Степен на ризик | Одговорност на ризикот | Контролна процедура (мерки) | Фреквенција на контроли |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Измена на законодавство | Измена на национално законодавство | Пишани процедури неусогласени со измените на националното законодавство | 2 | 3 | 6 | Раководител на СКТ/АФПЗРР | Следење на промените вон законодавството | Постојано |
| 2 | Неусогласеност со европското и националното законодавство | Усогласеност на националното со европското законодавство | Пишани процедури неусогласени со европското законодавство | 2 | 3 | 6 | Раководител СКТ/АФПЗРР | Следење на промените на законодавството и предупредување во случај на неусогласеност | Време за подготовка на новите национални регулативи кои треба да бидат усогласени со европските |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | регулативи |
| 3 | Вршење контрола на терен обем на работа-број на контроли дневно и неделно по контролор | Вршење контрола на терен на соодветен начин Извршени контроли на терен со доволен квалитет | Неизвршување контрола на терен на соодветен начин Неспроведување на сите барани контроли на терен,недостаток на доволен број обучени контролори | 3 | 3 | 9 | СКТ АФПЗРР | Вработување на нови контролори како и обука на контролори со искусни контролори од други Агенции и локални експерти од различни полиња обучени контролори. Обезбедување на политика за мотивација и задржување на вработените кои извршуваат контрола на терен (зголемување плата, теренски додаток, доддаток на ризик при пработа и сл.) | Постојано |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Опрема нефункционал на | Квалитетно извршување на контролите на терен | Неможност за извршување на контролите на терен | 3 | 3 | 9 | АФПЗРР | Набавка на нова опрема,соодветен софтвер и редовно одржување и надградба на постоечкиот | Постојано |
| 5 | Не соодветни возила/возила во добра возна состојба за спроведување на контролите | Извршување на контролите на терен | Можност за автомобилска несреќа.Неможност за извршување на контрола на терен | 2 | 3 | 6 | АФПЗРР | Набавка на доволен број теренски возила и редовно одржување | Постојано |
| 6 | Физичка безбедност | Превенција од неавторизиран физички пристап и оштетување на просториите и информациите во АФПЗРР | Неавторизиран пристап,оштетување,крадење на средства и информации | 1 | 2 | 2 | АФПЗРР | Следните параметри на физичка безбедност се имплементирани во АФПЗРР,Систем за контрола на пристап со камери и идентификациски картички во просториите на АФПЗРР.Идентификациските | 24 часа |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | картички се неопходни за влез во било кој дел од зградата и во работните простории.За систем салата се користи дополнителна контрола со лимитиран број на корисници кои можат да влезат во салата.Лимитирањето е обезбедено со специјални идентификациски картички кои се наменети само за систем салата. | |
| 7 | Логичка безбедност | Превенција од неафторизиран пристап до информациите | Неавторизиран пристап,оштетување,крадење на | 1 | 2 | 2 | АФПЗРР | Контролни процедури за логичка безбедност се | 24 часа |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | системи и осигурување на авторизиран пристап | информации,компромитирање на интегритетот и доверливоста на информациите | | | | | имплементирани.Постојат Огнени ѕидови со ИПС и веб филтрирање.Постојат антивирусен софтвер со лиценци и се врши секој ден update.Со политика не е дозволено да се користат јавни мрежи. | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Бекап и враќање на апликативни податоци | Одржување на интегритетот и достапноста на апликативните податоци. | Губење на апликациски податоци,компромитирање на интегритетот и доверливоста на апликативните податоци. | 3 | 3 | 9 | АФПЗРР | Процедури за бекап и враќање на апликативни податоци се имплементирани и договор за закуп не сефови во банка е потпишан.Определени се лица кои ги пренесуваат апликативните податоци и имаат пристап до сефовите. Бекапите се чуваат во сеф. Бекапите се заштитени со енкрипција и се спроведуваат согласно акредитираната процедура 08-SICT-07 | Дневен бекап и неделни бекапи |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Бекап и враќање на документи во електронска форма | Одржување на интегритетот и достапноста на документите во електронска форма | Губење на документи вон електронска форма,компромитирање на интегритетот и доверливоста на документите во електронска форма | 2 | 2 | 4 | АФПЗРР | Процедура за бекап документи во електронска форма се имплементиран и и договор за закуп на сефови во банка е потпишан.Одредени се лица кои ги пренесуваат апликативните податоци и имаат пристап до сефовите.Бекапите се чуваат на одалечена локација која е доволно одалечена доколку настане елементарна непогода.Бекапите се заштитени со енкрипција и се спроведуваат согласно акредитираната процедура 08-SICT-07. | Дневен бекап и неделни бекапи. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Е-маил и интернет безбедност | Правилно користење на е-маил и интернет | Човечка грешка,неконтролирано користење,незаштитени податоци и информации. | 3 | 2 | 6 | АФПЗРР | Правилата за користење на е-маил и интернет се документирани, дефинирани и одобрени од менаџментот.Постои интерен документ "Упатство за користење информатички и комуникациски системи на АФПЗРР"одобрена од менаџментот. | Секоја недела |
| 11 | План за непрекинато работење | Заштита на критичните бизнис процеси од ефектите на голем пад на информациските системи. | Недостаток на знаење кај корисниците,несоодветно чување на планот,човечка грешка. | 1 | 3 | 3 | АФПЗРР | План за непрекинато работење и безбедносни процедури се имплементиран и во АФПЗРР. Договор за закуп на простории и ИКТ мрежа на алтернативна локација во | Годишно |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | Велес е потпишана. Одговорности во планот за непрекинато работење се доделени, доволна одалеченост до алтернативната локација е дефинирана, обука беше одржана,форум за безбедност беше одржан, состаноци со членовите на безбедносниот форум се одржуваатна секои шест месеци. Во врска со планот за непрекинато работење се известува менаџментот на АФПЗРР. | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Алтернативна локација – DRP site | Заштита на критичните бизнис процеси од ефектите на голем пад на информациските системи. | Недостаток на DRP site и недостатотк на финансиски средства | 3 | 3 | 9 | АФПЗРР | Изнајмување на DRP site, изработка на проект за видот на DRP сајтот (конфигурација, начин на репликација, хардвер, лиценци, поврзување, мрежа) | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Компјутерска опрема(Персонални компјутери,лаптопи,принтери,фотокопири итн) | Планско одржување,процедури за користење и правилен пристап до мрежата. | Недостаток на механизам за идентификација и автентификација за пристап до мрежата,недостаток од кориснички процедури,несоодветна локација на чување,човечка грешка,недостаток од ел.енергија | 1 | 2 | 2 | АФПЗРР | Контролни процедури за компјутерската опрема се имплементирани.Регистар за целата опрема се води во одделението за сметководство,додека за сите персонални компјутери,лаптопи, мрежна опрема,сервери се води во СИКТ.Формулар за издавање на компјутерска опрема за секоја работна станица е потпишана од сопственикот на средството.Во случај на прекин на работниот однос сопственикот на средството потпишува формулар за раздолжување и се работи согласно акредитираната процедура 08-SICT-03. | Секоја недела |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Пасивна мрежна опрема | Правилно одржување на мрежата. | Незаштитени комуникациски линии,несоодветно одржување на мрежата.недостапност на мрежата,мрежни напади,неавторизиран пристап. | 1 | 2 | 2 | СИКТ | Контролна процедура за опремата на пасивната мрежа е имплементирана .Со политика во АФПЗРР не е дозволено да се користат надворешни мрежи.Постои и Авира антивирус сервер. | Секоја недела. |
| 15 | Активна мрежна опрема (хабови,рутери,свичеви,огнени ѕидови) | Правилно одржување,контролирано користење и правилна локација. | Недостаток на кориснички процедури,несоодвет на локација на чување,неконтролирано користење,човечка грешка,недостаток на ел.енергија,недостаток на знаење. | 1 | 3 | 3 | СИКТ | Контролна процедура за опремата на активната мрежа е имплементирана .Постојат Огнени ѕидови со ИПС и веб филтрирање. | Секој ден. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Медиуми (магнетни ленти) за бекап копии | Правилна локација,висок квалитет на бекап медиумот,енкриптирање на податоците. | Несоодветна локација,недостаток на физичка и логичка заштита,неправилно користење,небезбеден трансфер,низок квалитет на бекап медиум | 3 | 3 | 9 | СИКТ | Постојат контролни процедури за бекап медиумите.Бекап копиите се носат во сеф на оддалечена локација доволно далечна да не се случи штета доколку голема непогода ја погоди примарната локација.Бекапите се заштитени со енкрипција.Само определени лица имаат привилегии да ги транспортираат бекап копиите во сеф.Процесор на бекап е објаснет во акредитираната процедура 08-SICT-07. | Секој ден. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | Сервери | Правилна локација,перманентна заштита,адекватно одржување,работни процедури,безбедноста на сториџиите,безбедност на физички пристап. | Недостаток од одржување, несоодветна локација, несоодветна заштита, поплава, пожар, компјутерски вируси, malware, malicious code,неавторизиран пристап,недостаток на електрична енергија | 2 | 2 | 4 | СИКТ | | Секој ден. |
| 18 | Софтвер | Лиценциран софтвер,контролирана инсталација,компатибилност,компетентна надворешна софтверска компанија. | Несоодветно и нецелосно тестирање,немање на тест околина,несоодветно користење,несоодветен пристап,кориснички грешки,недостаток на обуки. | 2 | 2 | 4 | СИКТ | Контролни процедури за развој на софтвер,тестирање и инсталација на продукција се имплементиран и во АФПЗРР. | Секоја следна надградба. |
| 19 | Обуки за вработените во ИТ | Ефективно и ефикасно имплементирање на сите потребни ИКТ активности во АФПЗРР. | Недостаток на буџет за обука на постоечкиот ИТ сектор. | 3 | 3 | 9 | СИКТ | Обезбедување на потребната обука на ИТ кадарот во АФПЗРР. | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Вработен персонал во ИТ | Имплементирање на сите потребни ИКТ активности во АФПЗРР | Недостаток на ИТ професионалци на ИТ пазарот со потребно работно искуство. | 3 | 3 | 9 | СИКТ | Вработување на нов ИТ кадар. | |
| 21 | Систем администратор во АФПЗРР | Имплементирање на сите потребни ИКТ активности во АФПЗРР. | Недостаток на систем администратори на ИТ пазарот со потребно работно искуство. | 3 | 3 | 9 | СИКТ | Вработување на нов ИТ кадар-систем администратор. | |
| 22 | Мрежен администратор во АФПЗРР | Имплементирање на сите потребни ИКТ активности во АФПЗРР. | Недостаток на мрежен администратори на ИТ пазарот со потребно работно искуство. | 3 | 3 | 9 | СИКТ | Вработување на нов ИТ кадар-мрежен администратор. | |
| 23 | Стара хардверска опрема | Набавка на нова опрема | Недостаток на финансиски средства | 3 | 3 | 9 | СИКТ | Набавка на нова опрема. | |
| 24 | Објавување на повик по ИПАРД програми | Навремено објавување на повик по ИПАРД програми | Ненавремено известување за објавување на јавен повик од страна на ТУ-Телото за управување со ИПАРД. | 3 | 3 | 9 | ТУ-Телото за управување | Надворешен руизик | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 | Објавување на повик по ИПАРД програми | Искористување на финансиски средства од ИПАРД програмите | Ненавремено известување за продолжување на рокот за јавниот повик од страна на ТУ-Телото за управување со ИПАРД. | 3 | 3 | 9 | ТУ-Телото за управување | Надворешен ризик | |
| 26 | Објавување на повик по ИПАРД програмите | Обезбедување навремени податоци и информации до ТУ-Телото за управување со ИПАРД. | Ненавремено испраќање на пакетот документи(Упатство за корисници и Упатство за изработка на деловен план)до ТУ-Телото за управување со ИПАРД. | 2 | 2 | 4 | САПРД | Запознавање на вработените со процедурите и упатствата за објавување на повик по ИПАРД програмите. | Континуирано |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 27 | Објава на повик по национални програми | Обезбедување навремени податоци и информации од надлежните организациони единици со цел навремено објавување на повиците во медиумите. | Ненавремео објавување на повиците по националните програми во медиумите. | 3 | 2 | 6 | Директор на АФПЗРР Раководители на организациони едници. | Ургенција до надлежните организациони единици за навремена достава на потребните податоци од Одделение за подршка на работата на Директорот најдоцна еден ден пред објавување на повикот. | Континуирано. |
| 28 | Објава на повик по национални програми. | Навремено известување до медиумите за повикот за аплицирање за субвенции. | Ненавремено известување за отпочнување на аплицирање на е-барање за субвенции. | 2 | 2 | 4 | Директор на АФПЗРР Раководители на организациони единици | Ургенција до надлежните организациони единици за навремена достава на потребните податоци до Одделение за подршка на работата на директорот. | Континуирано. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | Односи со јавност | Зачувување на имиџот и угледот на АФПЗРР. | Објава на новинарски текстови кои може да влијаат врз нарушување на работниот процес или имиџот на АФПЗРР. | 2 | 2 | 4 | Директор на АФПЗРР САПРД | Почитување на принцип на транспарентност (прес-конференции,пристап до информации од јавен карактер и сл.)подготовка на демант или образложение на дадениот натпис. | Континуирано. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30 | Подготовка на Стратешки план на АФПЗРР | Навремена подготовка на Стратешки план на АФПЗРР и навремена достава до Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија. | Ненавремено доставување на податоци од секторите за изработка на Стратешки план | 3 | 3 | 9 | Директор на АФПЗРР,Државен советник и раководители на организациони единици. | Ургенција за достава на бараните податоци. | 15 дена пред истек на рокот за достава на Стратешки план на АФПЗРР до Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија. |
| 31 | Подготовка на План за работата на АФПЗРР за следната година. | Навремена подготовка на План за работата на АФПЗРР за следната година. | Ненавремено доставување на податоци од секторите за изработка на План за работата на АФПЗРР за следната година. | 3 | 3 | 9 | Директор на АФПЗРР Раководители на организациони единици | Ургенција за достава на бараните податоци. | 15 дена пред истек на рокот за подготовка за План за работа. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 32 | Подготовка на Извештај за работата на АФПЗРР за следната година. | Навремена подготовка за извештајот за работата на АФПЗРР. | Ненавремено доставување на податоци од секторите за изработка на Извештај за работата на АФПЗРР за претходната година. | 3 | 3 | 9 | Директор на АФПЗРР Државен советник Раководители на организациони единици. | Ургенција за достава на бараните податоци. | 15 дена пред истекот на рокот за подготовка на Извештај от за работата на АФПЗРР за претходната година. |
| 33 | Подготовка на Годишен план за внатрешна ревизија и Стратешки план за внатрешна ревизија согласно методологија за стратешко и годишно планирање на внатрешната ревизија | Навремена подготовка на Годишен план за внатрешна ревизија и Стратешки план за внатрешна ревизија согласно методологија за стратешко и годишно планирање на внатрешната ревизија | Неизвршена процена на ризиците и ажурирање на Регистарот на ризици | 1 | 3 | 3 | АФПЗРР, СВР | Постапување согласно Упатства за работа на СВР и националното законодавство | 15 декември секоја година |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 34 | Извршување на ревизии согласно Годишен план | Давање на разумно уверување дали системот на внатрешни контроли функционира на начин на кој што е дизајниран и воспоставен, и придонесува за остварување на целите на организацијата | Ненавремено извршување на ревизии | 2 | 3 | 6 | АФПЗРР, СВР | Постапување согласно Упатства за работа на СВР и Упатствата на АФПЗРР за спроведување на ИПАРД и национална програма | Постојано |
| 35 | Подготовка на Годишен извештај за извршените ревизии и активности на внатрешна ревизија | Ненавремена подготовка и доставување до МФ и НАО | Неспроведен Годишен план за внатрешна ревизија | 2 | 3 | 6 | АФПЗРР, СВР | Постапување согласно Упатства за работа на СВР и националното законодавство | 15 јануар секоја година |
| 36 | Имплементација на програмата | Измена на националното законодавство | Измена на програмата во тек на нејзина имплементација. | 2 | 2 | 4 | Директор,Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство. | Нема,ризикот е надворешен. | Постојано |
| 37 | Давање помош при поднесување на барања за финансиска подршка | Обезбедување можности за остварување на право за финансиска подршка | Можност за неостварување на право за финансиска подршка | 1 | 2 | 2 | Директор,раководител на СДПЗ | Склучување меморандуми за соработка со АПРЗ, земјоделски здруженија. | Пред имплементација на ПФПЗ. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 38 | Проверка на исполнетост на условите за доделување на финансиска поддршка | Обезбедување на доволен број на вработени во СДПЗ,според примени апликации и одобрени | Преоптоварување на вработените и можност на грешки во донесувањето одлуки. | 2 | 3 | 6 | Директор,рако водител на СДПЗ | Зголемување на бројот на вработените и обука на постоечките. | Континуирано во тек на имплементација на ПФПЗ. |
| 39 | Проверка на исполнетост на условите за доделување на финансиска подршка | Навремено и целосно добивање на потребните податоци од другите институции кои се неопходни за одлучување по поднесените. | Ненавремено и нецелосно доставување на податоците од други институции,кои се користат за проверка на исполнетоста на условите. | 3 | 3 | 9 | Директор,рако водител на СДПЗ | Зголемување на свеста во институции чии податоци се користат како основа за проверка на исполнетоста на условите. | Континуирано во тек на имплементација на ПФПЗ. |
| 40 | Обем на работа-број на барања кои треба да ги еден вработен | Обработка на поднесените барања | Ненавремена обработка на поднесените барања | 2 | 2 | 4 | Директор,рако водител на СДПЗ. | Зголемување на бројот на вработените и обука на постоечките. | Континуирано во тек на имплементација на ПФПЗ. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 41 | Користење на софтверски решенија | Подготовка на соодветен софтвер чии перформанси одговараат на програмата за финансиска поддршка. | Да не е спроведена постапка за избор на софтверско решение,да не е склучен договор за креирање софтверско решение ,софтверското решение да не може да ги следи потребите на програмата. | 3 | 3 | 9 | Директор,раководител на СДПЗ | Обезбедување услови за навремено спроведување на постапката за креирање на софтверско решение,техничките спецификации на софтверот да ги утврдат стручни лица/експерти,постојано следење на перформансите на софтверското решение и нивно ажурирање и дополнување. | Континуирано во тек на имплементација на ПФПЗ. |
| 42 | Извршување на секојдневни работни задачи во СФП (сметководствена-) | Точна,навремена,комплетна и авторизирана сметководствена евиденција. | Неточна сметководствена евиденција.Некомплетна сметководствена евиденција.Ненавремена сметководствена евиденција. | 2 | 1 | 2 | СФП-ОС | Соодветно одржување на софтверот и негова валидација. | Годишно |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 43 | Извршување на секојдневни работни задачи во СФП(исплата) | Точна,навремена,комплетна и авторизирана исплата | Исплата на неточни сметки/корисници.Исплата на погрешен износ.Ненавремена исплата. | 1 | 1 | 1 | СФП | Принцип на четири очи,односно прва и втора контрола. | Постојано. |
| 44 | Извршување на секојдневни работни задачи во СФП (постапување по долгови) | Точно,навремено,комплетно и авторизирано постапување по долгови. | Пребивање на долг на неточни сметки/корисници.Пребивање на погрешен износ.Ненавремено пребивање.Пребивање без почитување на принципот на четири очи.Споро функционирање на софтверот за должници. | 2 | 1 | 2 | СФП-ОПД | Воведување на процедура за контрола врз основа на принцип на четири очи односно прва и втора контрола. | Постојано. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45 | Извршување на секојдневни работни задачи во СФП(постапување по долгови) | Точно,навремено,комплетно и авторизирано постапување по долгови. | Пребивање на долг на неточни сметки/корисници.Пребивање на погрешен износ.Ненавремено пребивање. | 2 | 1 | 2 | СФП-ОПД | Бидејќи се работи за екстерен ризик,АФПЗРР може да превземе активности само во обука на неискусните вработени во ПЕ.Потребна зголемена координација со раководството на ПЕ и МЗШВ за решавање на проблемот кој е во нивен домен. | Постојано. |
| 46 | Извршување на секојдневни работни задачи во СФП со неразграничени задолженија на буџетско планирање,контрола и исплата. | Точно,навремено,комплетно и авторизирано планирање,контрола и извршување на оперативниот буџет на АФПЗРР. | Неточно,некомплетно и ненавремено буџетско планирање.Неточна, некомплетна и ненавремена буџетска контрола.Неточна,некомплетна и ненавремена исплата. | 1 | 1 | 1 | АФПЗРР,СФП | Вработување на квалификувани вработени. | Постојано. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 47 | Извршување на секојдневни работни задачи во СФП. | Точно,навремено,комплетно и авторизирано извршување на работните задачи. | Неточно,некомплетно,ненавремено и неавторизирано извршување на работните задачи. | 1 | 1 | 1 | АФПЗРР | Спроведување на политика на задржување на кадар.Спроведување на политика на вработување на постојани квалификувани вработени. | Постојано. |
| 48 | Извршување на секојдневни работни задачи во СФП. | Точно,навремено,комплетно и авторизирано извршување на работните задачи. | Неточно,некомплетно,ненавремено и неавторизирано извршување на работните задачи(се работи со Excel табели кои се незаштитени). | 1 | 1 | 1 | АФПЗРР,СФП | Ограничен и одобрен пристап на заедничките фолдери на кои се наоѓаат фајловите за исплата.Привилигиран пристап во софтверските решенија. | Постојано |
| 49 | Изработка/донесување на Годишниот план за вработување во АФПЗРР (точка 1 од Постапката број АФПЗРР-ОУЧР-ПО-01) | Обезбедување на соодветен кадар (по број) за извршување на работните задачи во АФПЗРР | Нецелосни или недоволни податоци за обемот на работа во 2023 година | 1 | 3 | 3 | Директор на АФПЗРР, Раководител на ОУЧР | Користење на сумирани податоци од претходните години | Континуирано во првиот квартал од 2013 година |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 50 | Одобрување на Годишниот план за вработување во АФПЗРР од страна на Министерството за финансии (точка 2 од постапката број АФПЗРР-ОУЧР-ПО-01) | Обезбедување на соодветен кадар (по број) за извршување на работните задачи во АФПЗРР | Неодобрување или делумно одобрување на Планот за вработување | 1 | 3 | 3 | Директор на АФПЗРР, Раководител на ОУЧР | Вработување на определено време Вработување на договор на дело, ангажирање на волонтери, план за ротации | Континуирано во вториот квартал од 2023 година |
| 51 | Одобрување на средства за нови вработувања во АФПЗРР од страна на Министерството за финансии (точка 4 од Постапката број АФПЗРР-ОУЧР-ПО-01) | Обезбедување на соодветен кадар (по број) за извршување на работните задачи во АФПЗРР | Неодобрување на средства за нови вработувања | 1 | 3 | 3 | Директор на АФПЗРР, Раководител на ОУЧР | Вработување на договор на дело, Ангажирање на волонтери, План за ротации | Континуирано во вториот квартал од 2023 година |
| 52 | Одобрување на средства за нови вработувања во АФПЗРР од страна на Министерството за финансии (точка 4 од Постапката број АФПЗРР-ОУЧР-ПО-01) | Обезбедување на соодветен кадар (по број) за извршување на работните задачи во АФПЗРР | Делумно одобрување на средства за нови вработувања | 2 | 3 | 6 | Директор на АФПЗРР, Раководител на ОУЧР | Вработување на договор на дело, Ангажирање на волонтери, План за ротации | Континуирано во вториот квартал од 2023 година |
| 53 | Постапка/реализација на нови вработувања (точки 9 и 10 од Постапката број АФПЗРР-ОУЧР-ПО-01) | Обезбедување на соодветен кадар (по квалификуваност) за извршување на работните задачи во АФПЗРР | Недоволно квалификуван или несоодветно квалификуван кадар | 1 | 3 | 3 | Директор на АФПЗРР, Раководител на ОУЧР | Вработување на договор на дело, План за ротации | Континуирано во текот на процесот на нови вработувања |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 54 | Одобрување на средства за унапредување во АФПЗРР од страна на Министерството за финансии (точка 24 од Постапката број АФПЗРР-ОУЧР-ПО-01) | Соодветна мотивација на вработените | Демотивирање на вработените/намалување на нивната продуктивност | 2 | 2 | 4 | Директор на АФПЗРР, Раководител на ОУЧР | Доделување на парични награди, Специјализирани обуки | Континуирано |
| 55 | Реализација на специјализирани обуки преку Буџетот на Агенцијата (точки 13 до 16 од постапката број АФПЗРР-ОУЧР-ПО-03) | Соодветно обучени вработени за извршување на работните задачи | Немање доволно средства или обучувачи за реализација на предвидената обука | 2 | 2 | 4 | Директор на АФПЗРР, Раководител на ОУЧР | Реализација на обуката на TAIEX инструментот, Интерна обука | Континуирано |
